# АРХИВСКИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ОХРИД

Во Државниот архив на Република Македонија - Одделение Охрид од основањето во 1951 година заклучно со 2005 година згрижени се 714 архивски фондови и збирки. Најстарите сочувани документи датираат од 1849 година - во пооделни фондови и збирки, а најновите документи датираат од 2000 година.

Богатството на фондови со кои располага Одделението даваат континурани податоци за организацијата на власта, управата и јавните служби за периодот 1918-2000 година. Сочувани се архивски фондови и документи за српската и бугарската управа во Македонија, како и фондови од периодот на НРМ, СРМ и Република Македонија.

Од областа на правосудството, судските фондови нудат податоци од 1941 година.

Сочуваните фондови од областа на просветата, културата и науката пружаат континуирани податоци за периодот од 1919 година, при што најголемиот број фондови се од доменот на просветата.

Фондовите за социјалните и здравствените аспекти на живеење пружаат податоци за периодот по Втората светска војна.

За стопанскиот живот на Охридскиот регион сочувани се најголем број фондови кои пружаат податоци за периодот од 1923 до 1991 година.

Сочуваните фондови од сферата на општествено-политичкото живеење, политичките организации, друштва и здруженија пружаат податоци за периодот од 1944 до 1991 година.

Сочуван е солиден број на фондови за верските организации и верските аспекти на живеење за православното и муслиманското население кои пружаат податоци за периодот од 1900 година.

Семејните и личните фондови даваат податоци за значајни настани и личности од Охридскиот регион за периодот од 1853 година.

Во дополнувањето на Водичот на архивски фондови и збирки 1993-2005 година во Одделението Охрид презентирани се податоци за следните новопреземени архивски фондови:

- од сферата на управата и јавните служби презентирани се податоци за 41 новопреземен архивски фонд;

- од областа на правосудството преземени се 11 нови фонд;

- за просветните, културните и научните установи и организации презентирани се податоци за 6 нови фондов;

- од доменот на стопанството преземени се 30 архивски фондови;

- општествено-политичките партии, друштва и здруженија се застапени со 15 архивски фондови;

- верски организации - 4 архивски фондови;
- семејни и лични фондови - 7;
- збирки - 12.

Со последната промена во територијалната надлежност на Одделението Охрид во 2001 година, со Одлука на Архивот на Република Македонија, фондовите под надлежност на општина Ресен се преотстапени на Одделението Битола. Со оваа територијална промена преостапени се следните архивски фондови на Одделението Битола:

***1. (592) МЕСНИ (ГРАДСКИ) КОМИТЕТИ НА КПМ - РЕСЕН;***

***2. (596) МЕСЕН КОМИТЕТ НА КПМ - РЕСЕНСКА ОКОЛИЈА;***

***3. (616). ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА И КУЛТУРА - РЕСЕН;***

***4. (617). ОСИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА - РЕСЕН;***

***5. (618) ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА - РЕСЕН;***

***6. (619) ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА НЕПОСРЕДНА ДЕТСКА ЗАШТИТА - РЕСЕН;***

***7. (620) ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ - РЕСЕН;***

***8. (621) ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ОТЕЦ ПАЈИСИЈ“ - ЈАНКОЕЦ;***

***9. (622) ОСИЗ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ - РЕСЕН;***

***10. (633) ОПШТИНСКИ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО - РЕСЕН***

***11. (643) СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА РЕСЕН - РЕСЕН***

***12. (650) ОПШТИНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ССММ - РЕСЕН***

***13. (665) УПРАВА НА СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА - РЕСЕН***

***14. (672) ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ - РЕСЕН***

Цитираните фондови се заведени во Регистарот на архивски фондови на Одделението Охрид со соодветни броеви и затоа редниот број на фондовите и бројот на фондот се разликуваат за 14 броеви (тоа се фондовите кои ги даваме во прилог и ќе бидат прикажани во дополната на Водичот на Одделението Битола).

# ОБЈАСНУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ НА ЗНАЦИТЕ И КРАТЕНКИТЕ

Водичот на архивски фондови и збирки дава основни податоци за архивите и за архивските фондови што се чуваат во нив.

Податоците за архивските фондови и збирки, дадени се за секој архив посебно.

Пред наведувањето податоци за архивските фондови и збирки на еден архив, дадена е кратка белешка, која по правило содржи основни податоци за Архивот (назив и адреса, време на основањето, развиток, организациска структура, територијална и стварна надлежност, можност за давање технички услуги, услуги во читалната, работно време и сл.), потоа за бројот на архивските фондови и збирки и за општата карактеристика на архивската граѓа, за информативните средства, каталозите и сл.

Податоците што се даваат за секој архивски фонд се состојат од седум елементи:

1. Реден број на архивскиот фонд или збирка;
2. Назив на архивскиот фонд или збирка;
3. Место (седиште) на фондообразователот (имател на фондот);
4. Распон на годините на постоењето на фондообразователот;
5. Распон на годините на архивската граѓа од фондот или збирката;
6. Количеството архивска граѓа и
7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства).

Кај семејните и личните фондови и збирки, некои од овие елементи не се застапени (под бр. 3 и 4).

Податоците за сите архивски фондови и збирки, содржински и графички се оформени според единствени правила, според кои е подготвена публикацијата.

## 1. Реден број на архивскиот фонд или збирка

Сите архивски фондови и збирки во рамките на еден архив се нумерирани со непрекината низа арапски броеви, почнувајќи од број

Заедно со арапскиот број, кој го означува Државниот архив на Република Македонија - Одделението (бројки од 1 до 10), и редниот број на архивскиот фонд или збирка е употребен во индексите како сигнатура за пронаоѓање на бараниот архивски фонд или збирка во водичот. На пример: 2. 135 = (2. Историски архив Битола, архивски фонд под бр. 135) или 2. 616 (2. Архив на Македонија - Подрачно одделение - Битола, архивски фонд под број 616) итн.

## 2. Назив на архивскиот фонд или збирка

За назив на архивскиот фонд е земен последниот назив на фондообразователот (имателот). Во случај кога архивскиот фонд е познат по некој поранешен назив, даден е и тој назив.

Називите на архивските фондови, незвисно од тоа дали оригиналниот назив бил на некој друг јазик, се дадени на македонски јазик со големи букви:

ОПШТИНСКА УПРАВА - РАДОВИШ

За скратување на текстот при наведување истородни фондови, тие се наведуваат под заеднички назив (СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ). Под заедничкиот назив е наведен само делот од називот на архивскиот фонд што не е опфатен со заедничкиот назив како и местото/седиштето на фондообразователот. Секој фонд се наведува во нов ред:

СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ

„СТОЈАН МИНЧЕВ“ - АЛИНЦИ
„ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ“ - БЕЛЧЕ
„ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ - ВАШАРЕЈЦА...

**3. Место-седиште на фондообразователот**

Местото-седиштето на фондообразователот, независно од поранешните називи, се наведува со сегашниот назив, на македонски јазик. Називот на местото е напишан со големи букви, а од називот на архивскиот фонд е одвоен со цртичка:

ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ВИНИЦА

**4. Распон на годините на постоење на фондообразователот**

Распонот на годините на фондообразователот е наведен во заграда, по називот и местото/седиштето на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА БУКОВО (1952-1955)

Ако фондообразователот сеуште постои и дејствува, завршната година на неговото постоење не се прикажува:

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ (1962- )

Во случај кога годините на постоењето не се со сигурност утврдени, наместо година се става прашалник (?-1957) или (1947-?)
По распонот на годините на фондообразователот, се става интерпукцискиот знак точка и запирка (;).

**5. Распон на годините на архивската граѓа на фондот или збирката**

Податокот за распон на годините на архивската граѓа на фондот или збирка се наведува по податокот за распон на годините на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА БИТОЛСКА ОКОЛИЈА - БИТОЛА
(1944-1965); 1944/1965:

Нецелосната сочуваност на граѓа на фондот се изразува на следните начини:

- Кога недостасуваат почетната или завршната години на граѓата од архивскиот фонд:

ФИНАНСИСКА УПРАВА - ПРИЛЕП (1869-1912); 1882-1910

- Кога недостасуваат одделни години во рамките на распонот на годините:

СЕЛСКА РАБОТНА ЗАДРУГА - ДИМОНЦЕ (1949-1953); 1949, 1951/1953:

- Кога архивската граѓа на фондот не е потполно сочувана:

ИСТРАЖЕН СУД - ТЕТОВО (1941-1944); 1942/1944:

За семејните и личните архивски фондови се наведува само распонот на годините на граѓата.

ВЛАХОВ ДИМИТАР 1908/1950:

Кај архивските збирки во распонот на годините на граѓата се наведува периодот кога граѓата настанала на кој таа се однесува, а не периодот кога е формирана збирката:

ЗБИРКА ФЕРМАНИ: 1646/1859:

По податокот за распонот на граничните години на архивскат граѓа на фондот или збирка, се става интерпукцискиот знак две точки (:).

**6. Количество на архивската граѓа**

Податоците за количеството архивска граѓа се наведуваат по податоците за распонот на годините на граѓата на фондот или збирка.

**Количеството** се изразува во број на книги, папки и пакети:

| | | |
|---|---|---|
| кн. | = | книга |
| кут. | = | кутија |

Помеѓу податокот за бројот на одделните технички заштитни единици, се става интерпукцискиот знак запирка (,), а на крајот точка и запирка (;):

ОКОЛИСКА УПРАВА - ГАЛИЧНИК (1915-1918); 1915/1918: кн. 3, кут. 6;

Под податокот за бројот на техничките заштитни единици, се наведува и податокот за количеството граѓа, изразен во должински метри. По овој податок се става интерпукцискиот знак точка (.):

ОПШТИНСКА УПРАВА - ОРАХ (1915-1918);
1915/1918: кн. 3, кут. 1; 0,2.

Податоците за количеството граѓа во архивските збирки се даваат во такви единици мерки, кои одговараат на специфичните видови на граѓата во збирките:

ЗБИРКА ГЕОГРАФСКИ КАРТИ, 1023 карти

**7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства)**

Во случај кога архивскиот фонд или збирка е во несредена состојба и не може да се користи за научни и други потреби, се наведува констатацијата „несреден“ односно „несредена“:

ОПШТИНСКА УПРАВА - СКОПЈЕ (1869-1912); 1869/1912;
кн. 59, кут. 43; 6,1. Несреден.

Меѓутоа, доколку граѓата на архивскиот фонд или збирка е до одредена мера средена и може да се користи, се наведуваат податоци за средените делови од фондовите/збирките.

За средените и обработените архивски фондови и збирки, за кои во Државниот Архив на Република Македонија се изработени научно-информативни средства (и евиденции што можат да послужат како извор на информации на граѓата), се даваат податоци за тие средства. Податоците се состојат од назив на научно-информативното средство. Најчесто застапените евидентни и научно-информативни средства, наместо нивните целосни називи, се прикажани со следните кратенки:

СИ - сумарен инвентар
АИ - аналитички инвентар
ОП - опис и попис
а.е. - архивски единици
НИС - научно-информативно средство изразено во број на страници напишани на машина.

Содржинските информации што ќе се прикажуваат за фондовите, покрај споменатите кратенки, ќе се однесуваат на историските белешки, регистрите, списоците, информациите, анализите, прегледите и сл, според разни теми.

Ако за еден архивски фонд се изработени повеќе видови информативни средства, помеѓу нив се става интерпукциски знак „точка и запирка“ ( **;** ):

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ - СКОПЈЕ
- (1945-1951); 1945-1951: кн.90, кут. 161; 17,9. СИ; Р.

КОСТУРСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН РЕОН - КОСТУР
( - 1908); 1900/1903: кут.1; 0,1. АИ.

Податоците за среденоста на фондот и за научно-информативните средства се приклучуваат по податокот за количеството на архивската граѓа.

**8. Структура на водичот**
**на архивските фондови и збирки**

Водичот на архивските фондови и збирки на Државниот Архив на Република Македонија - Одделение Скопје има три дела:

А. архивски фондови (освен семејните и личните);
Б. семејни и лични фондови и
В. збирки

Архивските фондови и збирки се групирани според гранката на дејноста, групи/подгрупи и периоди, а во согласност со класификациската шема, која служи како основа за распределување на архивските фондови.

Класификациската шема е од структурно-хиерархиски тип, со примена на децимален систем. Се состои од: а) назив на дејноста, групата и подгрупата во гранките и периодот и б) ознаки со букви и бројки (симболи), со кои називите се континуирано претставени.

На корисниците на публикацијата им се препорачува пред да пристапат кон барање податоци за архивските фондови и збирки, да ја проучат класификациската шема односно принципите и критериумите врз основа кои е извршено распределување на архивските фондови и збирки и е воспоставен нивниот поредок во водичот.

Водичот на „Архивски фондови и збирки 1993-2005“ ја прикажува состојбата на фондовите и збирките заклучно со 2005 година.

**КЛАСИФИКАЦИСКА ШЕМА**

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

1.2. Архивски фондови до 1918.
1.3. Архивски фондови 1918-1941.
1.4. Архивски фондови 1941-1944.
1.4.1. Народноослободителни органи
1.4.2. Окупаторски и квислиншки органи
1.5. Архивски фондови по 1944.
1.6. Локална самоуправа

Внатре во периодите, фондовите се наведуваат по редослед на нивните територијални и вистински надлежности (од повисоки кон пониски). Архивските фондови од ист ранг се наведуваат по азбучен редослед на местото-седиштето на фондообразователот.

### 2. ПРАВОСУДСТВО

2.1. Период до 1944 г. и
2.2. Период по 1944 г.

Внатре во овие периоди, нивниот редослед е одреден по ранг, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на место-седиштето на фондообразователот.

### 3. ВОЕНИ ЕДИНИЦИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

3.1. Период до 1944
3.2. Период по 1944
3.2.1. Народноослободителни единици, установи и организации
3.2.2. Окупаторски единици, установи и организации.

Внатре во периодите (и подгрупите) редоследот е одреден по ранг, односно според организациската структура на војската.

### 4. ПРОСВЕТНИ, КУЛТУРНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

4.1. Просветни установи и организации

4.2. Културни установи и организации
4.3. Научни установи и организации

Внатре во подгрупите, редоследот на архивските фондови е одреден според видовите на установите и рангот, а во рамките на рангот - по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 5. СОЦИЈАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

5.1. Социјални установи
5.2. Здравствени установи

Внатре во подгрупите редоследот и архивските фондови е одреден според видовите на установите и рангот, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на местото-седиштето на фондообразователите.

## 6. СТОПАНСТВО И БАНКАРСТВО

6.1. Период до 1944 г.

6.1.1. Банки и парични заводи
6.1.2. Стопански здруженија
6.1.3. Стопански претпријатија
6.1.3.1. Индустрија и рударство
6.1.3.2. Земјоделие и шумарство
6.1.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.1.3.4. Сообраќај
6.1.3.5. Останати
6.1.4. Занаетчиство
6.1.5. Задруги
6.1.6. Останато

6.2. Период по 1944

6.2.1. Банки и парични заводи
6.2.2. Стопански здруженија
6.2.3. Стопански претпријатија
6.2.3.1. Индустрија и рударство
6.2.3.2. Земјоделие и шумарство
6.2.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.2.3.4. Сообраќај
6.2.3.5. Останати
6.2.4. Занаетчиство
6.2.5. Задруги
6.2.6. Останато

Внатре во групите и во подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 7. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИИ, ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

7.1. Политички и општествено-политички организации
7.1.1. Напредни политички и општествено-политички организации
7.1.2. Граѓански и други
7.2. Сталешки корпорации
7.3. Хуманитарни друштва
7.4. Културно-просветни друштва
7.5. Уметнички друштва и здруженија
7.6. Спортски друштва и здруженија
7.7. Останато
7.8. Невладини организации

Редоследот на архивските фондови внатре во подгрупите е одреден по видови и ранг, а потоа по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 8. ВЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

8.1. Источна православна црква
8.1.1. Грчка црква во Македонија
8.1.2. Бугарска егзархија во Македонија
8.1.3. Српска православна црква во Македонија
8.1.4. Македонска православна црква
8.2. Исламска верска заедница во Македонија
8.3. Евангелистичко-методистичка црква.

Во рамките на подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според рангот, а во рамките на истиот ранг - по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 9. ОСТАНАТО

## Б. СЕМЕЈНИ И ЛИЧНИ ФОНДОВИ

1. Семејни фондови
2. Лични фондови

Архивските фондови се наведени по азбучен редослед на презимињата на фондообразувачите на семејните и лични фондови.

## В. ЗБИРКИ

# ИСТОРИЈАТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ОХРИД

Државен архив на Република Македонија - Одделение Охрид, ул. „Никола Карев“, 6000 Охрид, тел. 046/252-104, факс 046/252-104, работи од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот.

Одделението располага со читална, со работно време од 08:.00 до 14:00 ч. Истражувачите можат да користат услуги за ксерокскопирање на архивска граѓа.

Документи и архиви создавале средновековните држави на оваа територија. Византија, организирана и моќна држава, позната и со богати библиотеки и архиви во Цариград (тогашен Визант), требало да остави вакви траги и на територијата на Македонија, каде што имало дворови на крупни феудални господари, гувернери на провинции, високи црковни преставници и нивни дворови, големи и богати манастири и др. Повеќе деценискотo постоење на Самоиловата држава и воспоставената Патријаршија, подоцна Охридска архиепископија, исто така биле хранилишта на архиви и книги особено кога на овој терен веќе претходно Св. Климент и Св. Наум ќе описменат голем број на ученици со словенско писмо. Во ПО Охрид се чува Збирката Словенски ракописи, која е од големо значење. За жал, денес од овие документи и ракописи кај нас сочувани се само дел, а поголемиот број ракописни книги се чуваат надвор од земјата, по архивите и библиотеките на културните центри по Европа. Постојано изложена на бурни настани, Македонија и Охрид во голема мерка останаа осиромашени од наследството на ова богатство. Османлиската империја во текот на речиси пет векови, создавала архиви и документи, така што во ПО Охрид се чува значајна Збирка на ракописни, печатени книги и документи пишувани на арапски и турски јазик, која доста е користена и од научни корисници од Турција.

Балканските војни, поделбата на Македонија меѓу соседните балкански држави (Србија, Грција, Бугарија) во 1912 и 1913 како што и борбите што се водеа на оваа територија, придонесоа меѓу другото и уништување на многу архиви и документи. Втората светска војна и воведувањето на бугарска, албанска и германска администрација,1941-1944 година, значеше уништување на најголем дел од архивите што беа наследени и на оние што тогаш се создадоа. Токму поради тоа, а и со самиот развој на нашата земја, се правеа заложби за основање на Архив и служба што стручно и научно ќе ја собира, обработува, публикува и чува за идните генерации архивската граѓа што настанала во нашата земја, низ вековите.

Извршниот одбор на Градскиот народен одбор во Охрид, на својата седница на 29.3.1951 година, по одобрение на претседателството на Владата на НРМ бр. 356 од 9.2.1951 година, донесе Решение бр.4081/51, да се формира Градски архив во Охрид со задача да ја прибира, штити и научно обработува архивската граѓа на подрачјето од општина Охрид и тогашната Охридска околија.

Градскиот архив започна со работа на 01.04.1951 година во просториите на Градскиот народен одбор - Охрид, со посебна сопствена пресметка на приходи и расходи, во состав на општинскиот буџет и со едно вработено лице. Во ваков состав работи кратко време, така што со Решение на Министерството за просвета, наука и култура, бр.4090 од 05.04.1951 година за формирање на архивски средишта во НРМ, Градскиот архив во Охрид, се реорганизира во Архивско средиште со територијална надлежност за град Охрид и околиите Охридска, Струшка и Ресенска. Од 01.05.1951 Архивското средиште работи во состав на Народниот музеј. Во 1952 година се поставени зачетоците на архивската дејност со устројување на влезна инвентарна книга и прибрани беа целосно или во фрагменти прилично значајни фондови и тоа: дел од фондот „Охридска митрополија“, фондот „Петар Пихион - учител од Охрид“, дел од приватната библиотека на Кузман Шапкарев и др.

Од 1 септември 1955 година, по новооформената констелација на Народниот одбор на Охридска околија, Архивското средиште се одделува од Народниот музеј - Охрид и продолжува да работи како самостојна институција, под името Историски архив - Охрид, со надлежност за општините: Дебар, Кичево, Ресен, Охрид, Струга и Македонски Брод (Македонски Брод до 1965 година).

Со Законот за архивска граѓа од 1999 година, Историскиот архив Охрид се трансформира во Подрачно одделение, како организациона единица на единствената организација Архив на Македонија, без промени во територијална надлежност се до 2001 година.

# СРЕДЕНИ И ОБРАБОТЕНИ АРХИВСКИ ФОНДОВИ - ЗБИРКИ ОБЈАВЕНИ ВО ВОДИЧОТ ОД 1982 И 1994 ГОДИНА

## 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

## 1.3. АРХИВСКИ ФОНДОВИ 1918-1941

### *2. РИБАРСКИ РЕФЕРЕНТ - ОХРИД ( -1941); 1934-1941: кн. 2, куш. 2; 0,3. АИ а.е. 521, лисшови 1062, НИС 76 сшр.*

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Од сочуваната архивска граѓа може да се констатира дека Рибарскиот референт отпочнал со работа најверојатно во декември 1934 година како државен службеник во состав на Министерството за земјоделие. Тесно соработувал со Хидробиолошката станица во Охрид во чии простории ги извршувал работните задачи.

Превземал мерки за физичката заштита на рибниот фонд преку рибочуварска служба која во соработка со полицијата делувала на спречување на рибокрадството и недозволената трговија со риби, прогласувал забрани за ловење во време на мрестењето на рибата и определувал начин и средства за ловење, кое било организирано преку рибарски задруги.

Престанал со работа на 19 април 1941 година.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Извештаи од рибарски задруги, извештаи од патувањата на рибарскиот референт, решенија, статистички податоци, преписка, персонални досиеја, досиеја на рибари членови на рибарската матица.

*Архивскаша ѓраѓа е на срйски јазик.*

### *113. (495) ОПШТИНА СТРУШКА (1919-1941); 1919-1941: кн. 11, куш. 1; 0,4. АИ а.е. 81, лисшови 261, НИС 27 сшр.*

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Балканските и Првата светска војна од 1912-1918 година што се водеа на територијата на Македонија, за македонскиот народ значеа почеток на владеењето на големосрпската, големобугарската, големогрчката и големо-албанската буржоазија. Основните цели на режимите во Македонија беа економската, општествената и националната експлоатација на македонскиот народ. Четворната поделба на Македонија и новото национално и социјално поробување на македонскиот народ беа санкционирани на Версајската мировна конференција на 28 јуни 1919 година.

Вардарскиот дел на Македонија влегува во состав на Кралството СХС.

Буржоазијата ја организирала новата држава како бирократска полициска држава, која набргу тргнала по патот на отворен диктаторски

режим. Патот кон тоа биле: Обзнаната, Централистичкиот Видовденски устав и монархофашистичката диктатура, прогласена на 6 јануари 1929 година.

Кралот е носител на целокупната власт и не одговарал за своите дела. Носители на законодавната власт се Кралот и Народната скупштина - заеднички. Општата управа на Кралството се изведува по бановини, околии и општини. Формирани се девет бановини меѓу кои и Вардарска бановина со седиште во Скопје. Во административен поглед Бановината била поделена на три окружни инспекторати, два самоуправни града, 46 околии и 525 општини. Општина Струшка е основана 1919 година. Општинскиот собир е највисок самоуправен орган во Општината. Судот на општината, во почетокот е централно, извршно и административно тело на општината и има три функции: судска, полициска и управна. Општинскиот одбор ја претставува контролната и извршната власт на општината, а го сочинуваат кметовите, членовите на судот и одборниците. Претседател на општинскиот одбор е претседател на судот на општината. Со окупацијата на Југославија во 1941 година од страна на фашистичките сили, Општина - Струшка престанува да постои.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од Општинскиот одбор; записници од заедничките и тајните заеднички седници со Општинскиот суд: статистички извештаи за населението, домовите и економската состојба во општина Струшка; табеларен преглед за број на куќи, цркви, школи, кафеани, џамии, население и сточен фонд; списоци за воени обврзници; известувања и наредби.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***114. (102) ТЕХНИЧКА СЕКЦИЈА НА ОХРИДСКА ОКОЛИЈА - ОХРИД (1918-1941); 1918-1941: кн. 101, кут. 44; 6,16. АИ а.е. 1.855, листови 25.478, НИС 559 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Административно-територијалната поделба на Вардарска бановина, во периодот меѓу двете светски војни, може да се подели во три периода. Во административен поглед Бановината била поделена на 3 окружни инспекторати, окрузи, околии и општини. На охридскиот округ во почетокот му припаѓале околиите: Охридска - Охрид со 9 општини; Струшка - Струга со 12 општини, Горнодебарска - Дебар со 7 општини; Долнодебарска - Пишкупеа со 8 општини и Голобрдска - Требиште со 6 општини. Во подоцнежниот период во состав на Охридскиот округ биле околиите: Охридска, Струшка и Дебарска, а од 1930 година е и Преспанската околија - Ресен, со 7 општини.

Техничката (Градежна) секција е формирана 1918 год. од Министерството за градежни работи во Белград а од 1930 работи во склоп на Министерството за градежништво на Вардарска бановина - Скопје. Техничката секција - Охрид, прво била сместена во куќата на Стефан Банде во Охрид. Приоритетна задача и била поправка на патиштата и мостовите разрушени од војната, поправка на државни згради и куќи; изградба на хидроцентрали; регулација и мелиорација на земјиштето и др.

Во техничката секција работеле следните оддели (отсеци): Оддел за патишта; Оддел за хидротехнички работи; Оддел за архитектонско-градежни и електромашински работи; Финансов оддел и Архива (писарница).

Со окупацијата на Југославија во 1941 од страна на фашистичките сили, Техничката секција престанала да постои.

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Акти од уредувањето на градот, изградба на државни патишта: Буково - Охрид, Охрид - Струга, Струга - Дебар; Дебар - Маврови анови - Гостивар и Бошков Мост - Кичево; Гостивар - Дебар - Струга - Охрид - Ресен - Ѓавато - Битола; Макази - Стење - Албанска граница; Макази - Подмочани - Љубојно - Грчка граница и др. патишта. Документи за мелиорација на струшкото блато, градба на даљани (мрестилишта на риби), изградба и поправка на згради, и изградба на хидроцентралата во с. Рамне.

*Архивскайа їраѓа е на срйски јазик.*

***115.(103) НАЧАЛСТВО НА СТРУШКА ОКОЛИЈА - ОДДЕЛ ПО ЗЕМЈОДЕЛИЕ - СТРУГА (1919 -1941); 1934- 1941: куй. 1; 0,14. АИ а.е. 125, лисйови 392, НИС 27 сйр.***

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

По завршувањето на Првата светска војна, Македонија влегува во состав на Кралството СХС. Во административен поглед Бановината била поделена на три окружни инспекторати, два самоуправни града, 46 околии и 525 општини. Општина Струшка е основана 1919 година и се превземаат мерки за организирање на локалната власт. Се формира Началство на Струшка околија, во чиј состав покрај другите оддели, работи и Одделот за земјоделие. Неговата дејност била да се грижи за организирање и унапредување на земјоделството, овоштарството лозарството и сточарството во Струшка околија. Својата дејност ја извршува до 06.04.1941 година.

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Извештаи за земјоделски култури, за произведени овошни насади; статистички табеларен преглед за расадникот во Струга; статистички податоци на инспекцијата за одбрана на земјата; преписка.

*Архивскайа їраѓа е на срйски јазик.*

***116. (104) КАТАСТАРСКА УПРАВА - ОХРИД (   -1941); 1928-1941; кн. 3, куй. 1; 0,2. АИ а.е. 115, лисйови 470, НИС 16 сйр.***

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Фондот е некомлетен и содржи: извештаи за теренски работи, за уредување на планинските пасишта, проект за изградба на кејот на Охридското Езеро, планови за изградба на индивидуални згради, комисиски извештаи за примопредавање на работите помеѓу Катастарската секција и Катастарската

управа-Охрид, пријави за промена на култури, пописни катастарски листови, картони за лични примања и финансиска преписка.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

## 1.4. АРХИВСКИ ФОНДОВИ 1941-1944

### 1.4.2. Окупаторски и квислиншки органи 1941-1944

***121. (500) ОХРИДСКА ОКОЛИСКА УПРАВА - ОХРИД (1941-1944);***
***1941-1944: кн. 1, кут. 1; 0,1. АИ а.е. 40, листови 58, НИС 12 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Во Македонија како пониски органи на цивилната и административната власт биле формирани во Битолската област 6 околиски управи а во Скопската 14 околиски управи.

Околиските управи ги вршат сите административни, стопански и полициски работи и се наоѓаат под надлежност на Министерството за внатрешни работи и народно здравје. На чело на околиската управа е Околискиот управник кој е потчинет на обласниот директор. Тој се грижи за правилна примена на законите, правилниците и наредбите на Владата.

Најголем дел од работата на околиските управи се изразува во полицискиот надзор во околијата, и најчесто тоа било преку заменик околискиот управник кој раководел со униформираниот дел на полицијата во околијата.

Како советодавен орган во околијата се формирал совет, составен од видни личности од стопанството, просветата и др.

Во состав на Охридската околиска управа влегувале општините: Градска општинска управа Охрид, како и селските општински управи во Велгошти и Горни Косел.

Во организационен поглед околиите ги имаат следните служби:

1. Административна служба; 2. Граѓанска служба: за граѓанска состојба, за социјални грижи, за снабдување; 3. Финансова служба: за приходи, касова служба, домаќинство и имоти; 4. Државна контрола; 5. Техничка служба: за патишта, регулациона-катастарска служба, за урбанизам, канализационо-хидролошка; 6. Медицинска служба; 7. Ветеринарна служба; 8. Противпожарна служба; 9. Царинска и др. служби.

***122. (108) ОХРИДСКА ГРАДСКА ОПШТИНСКАУПРАВА (1941-1944);***
***1941-1944: кн. 5, кут. 1; 0,2.АИ а.е.101. листови 376, НИС 34 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

По окупацијата на Македонија од бугарската фашистичка власт, бугарското Министерство за внатрешни работи формира општинска управа во град Охрид. На чело на управата бил поставен кмет. Во состав на општинската

управа работеле полициската станица, противпожарната, војното комесарство и повеќе комисии. Кмет на Општинската градска управа од 1941 па се до 1944 до капитулацијата на Бугарија, бил Илија П. Коцарев. Негов помошник во почетокот бил Христо И. Паунчев, а него го заменил Т. Г. Крајничанец. За секретари биле назначени: Љубен Иванов, Љубен И. Чекреџиев, Крсто Лештаров, М. Садилов и Симон Патчев.

Надзорот на училиштата го вршел училишен инспектор, чие седиште му било во Битола. Управата постоела до капитулацијата на Бугарија во 1944 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Статистички извештаи за имотот на управата; списоци за воени обврзници; списоци за одземен имот на иселените лица, на имоти и куќи одземени за државата, список на имиња на улиците во Охрид, за помош на ученици, потврди и др. преписка.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***126. (501) ОХРИДСКО ОКОЛИСКО АГРОНОМСТВО - ОХРИД (1941-1944); 1941-1943: кут. 1; 0,1.АИ а.е. 76, листови 170, НИС 15 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Основано е 1941 година и било под Охридска околиска управа. Негова дејност е да го следи развојот на земјоделието, овоштарството, лозарството и градинарството.

Престанало да работи во 1944 година, со капитулацијата на Бугарија.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници за направени штети на земјоделски култури; списоци за проценка на имоти; известувања за борба против штетниците на земјоделските култури.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***127. (502) ОХРИДСКО ОКОЛИСКО ИНЖЕЊЕРСТВО - ОХРИД (1941-1944); 1941-1944: кн. 5, кут. 2; 0,3.АИ а.е. 307, листови 1.056, НИС 40 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Основано е 1941 од Министерството за внатрешни работи - Софија, по окупацијата на Македонија од бугарската фашистичка власт. Охридското околиско инжењерство работи како составен дел на битолската техничка секција. Во почетокот делувало како околиски инжењер а потоа како Околиско инжењерство кое ја покривало територијата на охридска и преспанска околија. Од 1943 година ја проширува дејност и на селата Љубаништа, Трпејца, Пештани, Елшани и на 20 села на Преспанска околија во западниот дел на Преспанското Езеро. Основната дејност била грижата за

комуналните работи, архитектонско-градежни работи, осветлување, градење на згради и патишта.

На чело на околиското инжењерство бил инжињер Игор Лашков - Русин. После него бил назначен Константин Хаџиев, се до капитулацијата на Бугарија, 1944 престанува со работа.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Планови за поправка и проширување на патишта, ситуации, технички опис за поправка на патот Охрид - Битола, план за електричната централа во Охрид, податоци за водоснабдување на селата во Околијата и предлог план за канализација во Охрид. Изградено е училиштето во с. Избиште и Домот на патарите во месноста Горица во Охрид.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***128. (107) ОКОЛИСКО КОМЕСАРСТВО ЗА СНАБДУВАЊЕ - ОХРИД (1941-1944); 1941-1944: кн. 28, кут. 2; 0,2. АИ а.е. 13, листови 13, НИС 34 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Околиското комесарство за снабдување е основано 1941 година со воспоставување на власта од страна на бугарскиот окупатор. Престанува со работа 1944 година со капитулацијата на Бугарија.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Книги за евиденција на населението, книги за наредби, книга за отчет на бакалите и преписка.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***129. (110) КАТАСТАРСКА СЛУЖБА - ОХРИД (1941-1944); 1941-1944: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 170, листови 296, НИС 15 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Планови, профили и скици од катастарскиот план, списоци на лица сопственици на имоти преку демаркационата линија и жители на град Охрид, молби и барања.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***130. (506) КОСЕЛСКА ДАНОЧНА (ОПШТИНСКА) УПРАВА - КОСЕЛ (1941-1944); 1941-1944: кн. 1; НИС 2 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Регистар на жители за с. Брежани.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***131. (109) ОХРИДСКА ДАНОЧНА УПРАВА - ОХРИД (1941-1944); 1941-1944: кн. 8 куш. 1; 0,2. АИ а.е. 61, лисшови 359, НИС 24 сшр.***

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Со воспоставувањето на новата административно-територијална поделба 1941 година, бугарската окупаторска власт формира даночна управа во Охрид, на чело со даночен началник.

Даночната управа е укината со капитулацијата на Бугарија во 1944 год.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Пријави, молби, преписка, платни списоци, персонално досие.

*Архивскаша ѓраѓа е на буѓарски јазик.*

***132. (503) АГЕНТ ПО ДРЖАВНИ ИМОТИ - ОХРИД (1941-1944); 1941-1943: куш. 1; 0,1. АИ а.е. 38, лисшови 73, НИС 9 сшр.***

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Акти за државни имоти осигурани од пожар, списоци на имоти од поранешни сопственици одземени за државата, копии од катастарскиот план за имоти на лица и оставина од покојниот Георги Котев Секулов од с. Завој - Охридско.

*Архивскаша ѓраѓа е на буѓарски јазик.*

## 1.5. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ОД 1944 г.

***133. (111) ОКРУЖЕН НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ОХРИД (1945); 1945: кн. 1, куш. 2; 0,2. АИ а.е. 197, лисшови 554, НИС 11 сшр.***

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Окружните народноослободителни одбори се основаат со Решението на Президиумот на АСНОМ од 6.8.1944 година за поделба на Македонија на области, околии и општини на територијата на Македонија. Покрај обласните народноослободителни одбори (4 одбори), се формираат и околиски народно-ослободителни одбори. На територијата што е под надлежност на Одделението Охрид дејствуваат околиските народноослободителни одбори Охрид, Струга, Дебар и Кичево.

На 22.1.1945 година Президиумот на АСНОМ носи Повелба за Првата административно-територијална поделба на Македонија на окрузи, меѓу кој е и Охридскиот округ (архивска граѓа на Окружниот народноослободителен одбор Охрид е издвоена како посебна целина). Окружните народноослободителни одбори егзистираат до 21 ноември 1945 година, до донесување на Уредбата за определување на бројот и територијалните подрачја на окрузите и околиите.

Зачетоците за основање на народната власт одат напоредно со развојот на оружената борба. Нивните почетоци датираат од 1942 година со

создавањето на првите слободни територии во Македонија, а поинтензивно се основаат од почетокот на 1944 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Извештаи за извршени работи, списоци на службеници по оддели, списоци на учители и училишта, решенија за конфискација на имоти, пресуда, список на имоти за конфискација, допис за руските емигранти и платни списоци.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ОКОЛИСКИ НАРОДНИ ОДБОРИ (ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ)

### *3. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ДЕБАР (1945-19550); 1949-1955: кн. 173, кут. 43; 6,20. АИ а.е. 5569, листови 31558, НИС 983 стр.*

### *- ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ДЕБАР (1944-1945); 1944-1945: кн. 9, кут. 3; 0,5. АИ а.е. 298, листови 968, НИС 71 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Околиските народноослободителни одбори се основаат со Решение на Президиумот на АСНОМ од 06.08.1944 година (село Рамно - Кумановско) за поделба на Македонија на области, околии и општини. На територијата што е под надлежност на Одделението Охрид дејствуваат Околиските народноослободителни одбори на Дебар, Кичево, Охрид, Ресен и Струга. Зачетоците за основање на народната власт одат напоредно со развојот на вооружената борба. Нивните почетоци датираат од 1942 година со создавањето на првите слободни територии во Македонија, а поинтензивно се основаат од почетокот на 1944 година.

На 22.1.1945 година Президиумот на АСНОМ донел одлука за распишување избори за селски (градски и реонски) и околиски НОО во Федерална Македонија. На 31.3.1945 година Президиумот на АСНОМ донесува правилници за устројството на народноослободителните одбори:

- Правилник за устројството на околиските НОО;
- Правилник за устројството на Скопскиот градски НОО и
- Правилник за устројството на општинските НОО.

Организациската поставеност на Околиските НОО е следна: Пленум; Извршен одбор, кој го сочинуваат пртседателството и началниците на одделите; Претседателството го сочинуваат претседателот, потпретседателот и секретарот; во Извршен одбор се формираат Секретаријат и оддели: управен, судски, стопански, технички, соопштителен, сообраќаен, просветен, пропаганден, здраствен, социјален и административен.

*(Историјатот се однесува за сите околиски народноослободителни одбори).*

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Податоци за соработката и помошта на Народноослободителната војска околу снабдувањето со облека и исхрана; помош на семејствата на загинатите борци; организација на стопанскиот живот; отварање на училишта и започнување на редовна настава; поправка на инфраструктурните објекти; решавање на проблемите од доменот на здраството, социјалата, грижата за јавниот ред и мир и др.
*(Содржинскиише йодашоци се однесувааш на сиише околиски народно-ослободишелни одбори).*

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

***134. (112) ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - КИЧЕВО (1945-1955); 1945-1955: кн. 236, куш. 70; 11,80. АИ а.е. 7.198, лисшови 37.942, НИС 1.671 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Околиските народни одбори ја започнуваат својата дејност со донесувањето на Уредбата на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 27.11.1945 година, со која се определува бројот на територијалните подрачја и седиштата на околиските и на месните народни одбори. Територијата на македонија е поделена на 5 окружни народни одбори, 33 околиски и 872 месни народни одбори. На територијата под надлежност на Архивот Охрид (воглавно со измени и дополнување на законите за административно територијална поделба) дејствувале 5 околиски народни одбори: Охрид, Струга, Кичево, Дебар и Ресен.

Со општ Закон за народните одбори донесен од Народното собрание на ФНРЈ на 25 мај 1946, народните одбори стекнуваат статус на највисоки органи на државната власт од локално значење,преку кои народот ја врши својата власт. Тие се избрани на основа на општото, непосредно и еднакво избирачко право со тајно гласање и донесуваат прописи во рамките на својата надлежност.

Секој околиски народен одбор има свој буџет и располага со своите приходи и расходи, а од него се подмируваат личните и материјалните трошоци на сите органи, установи и претпријатија во негова надлежност.

Организациската поставеност на околиските народни одбори (со одредени измени) е следната: 1. Извршен одбор (составен од претседател и секретар), кој раководи со работата на поверенствата за: земјоделие и шумарство, трговија и снабдување, комунални работи, финансии, труд, просвета и култура, народно здравје, социјални грижи, локален сообраќај и поверенство за индустрија и рударство; 2. Секретаријат, во чиј состав спаѓаат: персонален отсек, служба за евиденција, управен отсек, правна служба, катастарски отсек, воен отсек и служба за администрација; 3. Постојани комисии - Контролна, Планска и Комисија за жалби и поплаки, по потреба се формираат и времени комисии и служби и 4. Собир на избирачите како највисок орган.

Околиските народни одбори се трансформираат во 1952 година.
Во 1952 година со работа престанал Околискиот народен одбор Ресен (кој до 1955 год. работи под име ОНО Преспа), 11 април 1955 год. ОНО Струга, 28 јуни 1955 год. ОНО Кичево, 28 јуни 1955 год. ОНО Дебар и со законот за подрачјата

на општините во СРМ на 23 јануари 1965 год. („Службен весник на СРМ" бр.2/65) со работа престанал и ОНО Охрид а надлежностите ги презема новооснованата општина.
*(Историјатот се однесува на сите околиски народни одбори).*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Фондовите на околиските народни одбори најчесто содржат записници и седнични материјали од органите и телата, правилници за работа, списоци на персоналот, програмски и извештајни материјали, анализи - информации за состојбите од сите домени на дејност на одборите, решениа за основање земјоделски, индустриски, занаетчиски, трговски, кредитни, транспортни и други претпријатија, за основање на установи од сите домени на дејност на одборот (просветни, културни, здраствени, социјални и сл.), документи во врска со аграрната реформа, колонизацијата, експропријацијата, конфискацијата, купо-продажни договори, градежни дозволи и сл.

*Архивската граѓа е на македонскијазик.*

***136. (114) ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР СТРУГА (1944-1952); 1944-1952: кн. 116, кут. 32; 5,40. АИ а.е. 4.611, листови 15.277, НИС 662 стр.***

***- ОКОЛИСКИ НОО - СТРУГА (1944-1945); 1944-1945: кут. 5; 0,5. АИ а.е. 351, листови 1.713, НИС 69 стр.***

***- ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - СТРУГА (1945-1952); 1945-1952: кн. 116, кут. 27, 4,8. АИ а.е. 4.260, листови 13.564, НИС 593 стр.***

## НАРОДНИ ОДБОРИ НА ОПШТИНИТЕ

***5. - БАЛАНЦИ (1944-1955); 1944-1945/1952-1955: кн. 11, кут.2; 0,2. СИ а.е. 70, листови 284, НИС 21 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*
Општинските народноослободителни одбори дејствуваат и работат согласно со законските прописи за работа на околиските народно-ослободително одбори, при што нивните надлежности се протегаат на територијата на градовите односно општините. Се формираат во 1944 година врз основа на решението на Президиумот на АСНОМ за организација на работата на народноослободителните одбори во Федерална Македонија. Во 1945 година на место на НОО се формираат Месни народни одбори врз основа на Уредбата за определување на бројот на територијалните подрачја и седиштата на околиите и месните народни одбори, донесена на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 21.11.1945 година („Службен весник на ФМ" бр. 24 /45).
Во 1952 година со укинување на месните народни одбори, а врз основа на Законот за поделбата на НРМ на околии, градови, градски општини и општини,

Законот за спроведувањето на реорганизацијата на народните одбори и Законот за народните одбори на општините („Службен весник на НРМ“ бр.13/52) се формираат општински народни одбори.

Во 1952, април 11 се основаат градски општини (Дебар, Кичево, Охрид, Струга, Ресен) и општини.

Во 1955 година постоечките општински народни одбори со Указот за прогласување на Законот за подрачјата на околиите и општините на НРМ и Законот за спроведување и уредување на општините и околиите („Службен весник на НРМ“ бр. 20/1955) се укинуваат ОНО во тие места.

*(Историјатот се однесува на сите општински народноослободителни одбори)*

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***- ДОЛНОЖУПСКИ ОПШТИНСКИ НОО - БАЛАНЦИ (1944-1945);***
